14

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје Shkup

| Примено / E pranuar | 01-02-2021 | | |
|---|---|---|---|
| | 19-21/1 | / | / |

Врска 97-36/1-20

**Влада на Република Северна Македонија**

\- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Здружение на граѓани за поддршка на маргинализирани групи –Ромски Ресурсен Центар Скопје**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Образованието на ромските ученици во време на КОВИД 19**

(Име на проектот)

_______Скопје_________, _29___. __01__. 20_212_ година

(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-36/1 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружени на граѓани за поддршка на маргинализирани групи –Ромски Ресурсен Центар Скопје |
| Наслов на проектот | Образованието на ромските ученици во време на КОВИД 19 |
| Период на спроведување на проектот | од 01.07.2020 година до 30.11.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Ипек Усаинова |
| Проектен менаџер | Фатош Усаинова |
| Телефон и е-пошта за контакт | 076/200-7474 info@rrc.org.mk |
| Цел на проектот | Намалување на последиците од КОВИД 19 врз образованието на учениците Роми во општините Штип и Кочани како и зголемување на свеста и информираноста на ромската заедница за мерките и потребата од соодветна заштита од заболувањето од корона вирусот КОВИД 19. |
| Целна група | - 100 ученици Роми од 2 до 4 одделение од општините Штип и Кочани кои потекнуваат од ризични ранливи семејства;<br>- Повеќе од 500 ромски семејства во оштините Штип и Кочани кои се најранливи поради ситуацијата со КОВИД 19 |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Општина Штип и Општина Кочани , Република Северна Македонија |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 810,000ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 807,753 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Проектот започна со имплеметација на 01.07.2020 година. Согласно поднесената и одобрена апликација проектниот тим активно работеше на спорведување на предвидените активности на проектот. Од голема важност беше реализацијата на проектот во време кога голем дел на граќани од најразлични ранливи категории беа погодени од кризата која ја предизвика пандемијата со КОВИД 19.

Според планот за имплементација на активностите, проектниот тим започна со подготовка на имплементацијата на проектот со што се даде акцент најанпред на набавката на паметни уреди за да можат учениците навремено и ефективно да се вклучат во следењето на онлајн на ставата, а дополнително и да можат да го надополнат пропуштениот материјал преку организирање на дополнителни часови за истите ученици. Како една од побитните активности исто така беше и спорведувањето на прашалникот на терен за детектирање на конкретната ситуацијата и добивање на реална слика за тоа каде и кај кого точно треба да се насочи нашата поддршка.

Одкако се завшри со сите подготвителни активности и припреми, проктниот тим почна со имплеметација на проектот и беа спроведени последователно сите активности во предвидени во рамки на проектот.

-Беше реализиран прашалник на терен и беше направена анализа од истиот
- Беа доделни 100 таблети за ученици Роми од Штип и Кочани кои беа спречени да следат онлајн настава поради немање на техничка опрема ( паметни уреди и интернет)
-Во соработка со училиштата беа организирани дополнителни часови со тие ученици кои добија таблети и интернет, каде наставници од самите училишта волонтерски се вклучија и дадоа свој придонес преку реализацијa на онлајн дополнителни часови со тие ученици за да можат да надополнат дел од испуштениот материјал во претходната учебна година
- Исто така на семејствата кои се под социјален ризик беа доделени 40 пакети со прехрамбени и хигиенски продукти.
- Во рамки проектот беше изработен и информативен флаер за Корона Вирус и истиот беше поделен во општините Штип Кочани. Локалните координатори преку дисеминацијата на флаерот ја информираа ромската заедница во Штип и Кочани, како да ги препознае симптомите на Корна вирусот и како да се заштити од истиот.

Активностите на проектот се спроведуваа во екот на пандемијата, а со самотот тоа проектниот тим се соочи со сериозни предизвици и проблеми при обезбедување на квалитетна имплементација на активностите. Поради долгогодишната соработка со општините Штип и Кочани и населението таму, Ромскиот Ресурсен Центр и прокетниот тим успеа успешно да ги реализираат сите предвидени активности во рамки на проектот кои беа од големо значење за ромската заедница во тие две општини, поготово за ромските ученици кои добија можност учебната година да ја започнат навремено и да ја следат наставата успешно без да бидат спречени поради немањето на техничка опрема. Дополнително со самото тоа, бенефит од спреведените активности добија и основните училишта во општини Штип и Кочани.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 1.1. Спроведување на брза интервентна анализа за актуелите и ургентните потреби на најпогодените ромски семејства во општините Штип и Кочани; | Во првата половина на месец Јули, проектниот тим работеше да развивање на прашалник со кој ќе бидат детектирани актуелните потреби на најпогодените семејства во Штип и Кочани. Во втората половина на месецот се реализаше прашалникот на терен во тие две општини, додека пак обработката и пишувањето на анализата се реализираше во текот на првата половина на месец Август. | 01.07.2020 – 15.08.2020 | -Спроведени 200 прашалници на терен со ромски семејства (100 во Кочани и 100 во Штип)<br><br>-Изготвена анализа за актуелните потреби на најпогодените Ромски семејства во Штип и Кочани |
| 1.2. Анализа на учениците Роми кои потекнуваат од социјално загорзени семејстваа кои не следеле онлине настава во | Согласно добиените податоци од терен во соработка со основните училишта во Штип и Кочани, РРЦ доби информација и податоци за ученици кои не се во можност да следат онлајн настава поради немање на паметни уреди и интернет. | 20.07.2020 - 31.07.2020 | - Обезбедени податоци за 100 ромски ученици од оштините Штип и Кочани кои не посетуваат онлајн настава поради немање на технички уреди и интернет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| периодот од 11 март до 10 Јуни поради недостаток на паметен ИТ уред и интернет конекција; | | | |
| 2.1Согласно анализата ќе се обезбедат најмалку 100 таблети со интернет за 2 месеца за најзагрозените ученици Роми кои не следеле онлине настава и биле исклучени од редовната настава во периодот од 11 март до 10 Јуни 2020 година; | Паралелно со спроведуањето на другите активности, во месец Јули исто така се работеше и на набавка на таблети и интернет ваучери за учениците. Во втората половина на месец август беа доделни таблети и интернет ваучери на учениците од ромската заедница во Штип и Кочани. Локалните координатори заедно со проектниот тим и основните училишта организираа доделување на таблетите во најбезбедни услови, каде сите вклучени страни беа соодветно заштитени со заштитна опрема (маски и ракавици) | 01.08.2020 - 20.08.2020 | 1.Доделени на 100 таблети (по 50 во двете општини) на ученици од второ до четврто одделение кои потекнуваат од социјални загрозени семејства и немаат мошност за следење на онлајн настава.<br>2.Доделени 215 интернет ваучери (по 2 сим картички) на ученици од второ до четврто одделение кои потекнуваат од сиромашни и социјално загрозени семејстав и немаат можност за следење на онлајн настава.<br>3 Директно поддржани 100 ученици од второ до четврто одделение (по 50 во двете општини) комплетно опремени со технички уред и интернет за успешно следење на онлајн настава |
| 2.2 Во соработка со основните училишта ќе се организира дополнителна образовна настава за идентификуваните 100 ученици со цел да им се помогне да го надополнат пропуштениот материјал и да им се овозможи успешно вклучување во новата учебна година од септември 2020; | Од почетокот на месец Агуст, проектниот тим реализираше состаноци со директорите на основните учлишта во Штип и Кочани каде најмногу има запишано ученици роми, се со цел презентирање на проектот и обезбедување на соработка со истите. Од училштата беше побарано да обезбедат наставнци кои ќе одржуваат дополнителни часови со учениците Роми кои во изминатиот период не биле во можност да следат онлајн настава, се со цел да се надомести пропуштениот материјал. Подоготвките за релаизација на дополнителната насатава се реализраа во месец Август, а дополнителна настава почна да се реализира од почеток на месец Септември. Во текот на реализацијата на наставата, локалниот координатор и проектниот тим реализираа мониторинг | 01.08.2020-31.09.2020 | Реализирани вкупно 32 дополнителни часови (по 16 часови во двете општини) со вкупно 100 ученици Роми од Штип и Кочани |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на спроведуваните часови и беа присутни на дел од онлајн часовите се со цел да се утврди квлаитетот на имплементација на истите. Со учениците во главно се работеше на содржини по предметите Мајчин јазик и Математематика, но исто така согласно потребите на учениците се работеше и на содржини од други предмети. | | |
| 2.3. Спроведување на мониторинг на реализацијата на дополнителната образовна настава. Преку локалните организации и Ромските Образовни Медијатори кои се ангажирани од МОН, ќе се спроведува мониторинг за да се утврди квалитетот и нивото на реализација на дополнителната онлине настава за идентификуваните 100 ученици; | Во рамки на проектот, локалните координатори во соработка со образвобните медијатори и училиштата во Штип и Кочани, вршеа редовен мониторинг на учениците кои добија таблети и интернет во рамки на проектот. Учениците беа посетувани од страна на локалните координатори и медијатори од каде се добиваше информации за нивната вклученост во онлајн наставата. Исто така во соработка со наставниците, локалните координатори беа навремено информирани за учениците кои не редовно се вклучуваа на онлајн наставата. Мониторингот се одвиваше во текот на целокупната имплементација на проектот | 08.2020 - 11.2020 | -Континуирано контактирани/посетени телефонски 100 ромски ученици за проверка на нивна вклученост во онлајн настава<br><br>- Реализирани 100 тересни посети (50 во Штип и 50 во Кочани) |
| 3.1. Согласно интервентната анализа ќе се обезбеди помош со храна и хигиена за најпогодените и најзагрозените 50 семејства (по 25 во општина) во општините Штип и Кочани; | На почетокот на месец Септември, проектниот тим спроведе постапка за набавка на прехрамбени и хигиенски пакети за вкупно 40 социјално загорзени семејства во двете општини. Беа доставени барања за понуди до повеќе локални маркети и продавници во Штип и Кочани. Откако се заврши со прибирањето на понуди проектниот тим ги слектираше најповолните понуди и се отпочна набавката на пакетите. Дистрибуцијата на пакетите се реализирше во текот на месец Октомври. Пакетите содржат оснвни прехрамбени и хигиенски продукти, чија цел е да се поддржат најпогодените граѓани од ромската заедница во време на КОВИД-19 Согласно последниот одобрен буџет, беа скратени средства од буџетот предвиден за пакетите со што беа планирани да бидат подджани 50 семејства, но поради кратењето на буџетската ставка беа поддржани 40 семејства | 09.2020 - 10.2020 | - Обезбедени и подделени 40 пакети со прехрабени и хигиенски продукти<br><br>-Подджани 40 најзагрозени ромски семејства ( 20 во Кочани и 20 во Штип) |
| 4.2. Подготовка на флаер со мерки и препораки за заштита | Проектниот тим во текот на имплементацискиот период работеше на подготовка на информативен флаер | 10.2020 - 11.2020 | - Испечатени 6000 флаери<br>- Информирани преку |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| од КОВИД 19 како и совети како да се заштитат преку оддржување на физичка дистанца и практикување на лична хигиена. Флаерот ќе се испринта во 1000 примероци и ќе биде поделен во ромските населби во општините Штип и Кочани | за Корна Вирус. Флаерот беше подготвен испечат во 6000 примероци и истиот беше поделени во **ромските** заедници во Штип и Кочани. Преку оваа активност, локалните коориднатори успеаа да информираат преку 6000 граѓани за корона вирусот, за симптомите и заштитата од истиот | | 6000 граѓани за Корона вирус, симптоми и заштита |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Проектниот тим се соочи со неколку предизвици во спроведувањето на активности во рамки на проектот. Воглавно најголемиот проблем и предизвик со кој се соочи прокетниот тим беше вирусот КОВИД-19 кој зазема голем замав во источниот регион на земјата во имплементацискиот период.

1. Во текот на месец Август, локалниот координатор за општина Штип како и проектниот координатор беа 14 дена во самоизлоација поради непосреден контакт со лице позитивно на вирусот КОВИД -19. Поради таа причина голем дел од активностите предвидени за тој период се одвиваа со ограничени човечки ресурси и со задоцнување.
2. Исто така голем дел од институциите и приватните компании со кои соработува проектниот тим во рамки на проектот, работеа со ограничени капацитети поради врусот, што придонесе задоцнување и ненавремено завршување на активностите.
3. Како еден од поголемите проблеми со кои се соочи проектниот тим беше спроведувањето на прашалникот на терен. Локалните коордиантори имаа проблем да им пристапат на семејствата и да ги анкетираат бидејќи дел од нив не им дозволуаа пристап на локалните координатори во домовите поради можноста да се заразат со КОВИД-19. Локалните координатори таквите семесјтва ги анкетираа телефонски.
4. Годишните одмори на училиштата исто така придонеса за задоцнување на дел од активностите, поготово реализацијата на дополнителните часови.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Редовни објави за промоција на проектот на fb страна на проектот и на веб страна на РРЦ | | | 20 |
| | | | |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Како директен партнер во рамките на проектот е Асоцијација за Демократски Развој на Ромите „Сонце" од Тетово. АДРР Сонце преку структурите кои ги имаат воспоставено во Штип и Кочани преку РОМАКТЕД програмата од Совет на Веропа ќе помогнат во обезбедубање на оддживоста на проектот во тие две општини. Исто така Ромскиот Ресурсен Центар преку веќе воспоставените партнерства со главните локални инситуции ќе придонесе за понатамошно активно следење на ситуацијата на терен од типот на следење на учениците кои добиле помош во рамки наовој проект. Многу е битно да се напомене дека РРЦ и СОНЦЕ во рамки на своите активности од други прокети ќе продолжи да се грижи за вклуќувањето на ромските ученици во образовниот процес во време на КОВИД пандемијата со што на истите ученици ќе продолжи да им обезбедува пристап до онлајн настава и

техничка опрема за успешно следење на истата. Во партнерство со училиштата ќе продолжиме да бараме нови начини и можности за 100% вклучување во онлајн наставата на сите ученици кои поради спреченост од непоседување на техничка опрема неможат да се вклучат активно да ја следат наставата.

Целите кои беа поставени во рамки на овој проект се постигнати со високо ниво на ефикасност. Соработката со сите вклучени страни во проектот, придонесе до високо успешна реализиација на активностите, а со самотот тоа и до постигнување на поставените цели превидени во овој проект.

Ромскиот Ресурсен Центар во соработка со своите партнери, ке продолжи да работи активно на полето на образованието на Ромите и нивно целосно вклучување во образовниот процес, преку најразлични активност и проекти во делот на домување, здравство, формално и неформално образование и личен развој.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| I. Човечки ресурси | 137,000 | 137,000 | |
| II. Оперативни трошоци | 27,000 | 27,000 | |
| III. Директни трошоци | 643,753 | 643,753 | |
| Вкупни трошоци (I+II+III) | 807,753 | 807,753 | |

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Во прилог на завршниот извештај доставуваме:

- Детална финансиска документација за сите трошоци во рамки на проектот
- Копии од листи на корисници
- Слики од спроведени активности
- Примерок од подготвен извештај
- Примерок од подготвен флаер
- Други релеватни документи поврзани со имплементацијата на пороектот

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 29. 01. 2020 год. — Ипек Усаинова - Претседател на здружение

(Место) (датум) — (име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П. (Потпис)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ** | | | |
| Име на здружението | **Здружение на граѓани за поддршка на маргинализирани групи- Ромски Ресурсен Центар Скопје** | | | |
| Наслов на проектот | **Образованието на ромските ученици за време на КОВИД -19** | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 810.000 | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | 96.000 | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 906.000 | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | 0 | 0 |
| Плати и надоместоци | | | 0 | |
| Координатор на проектот | 65,000 | 65,000 | 0 | 0% |
| Финансиски и административен асистент | 45,000 | 45,000 | 0 | 0% |
| Локални координатори 2 лица* 4500*3 месеци | 27,000 | 27,000 | 0 | 0% |
| | | | 0 | |
| Вкупно за I | 137,000 | 137,000 | 0 | 0 |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Транспорт | 20,000 | 20,000 | 0 | 0% |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Канцелариски трошоци | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Услуги | 7,000 | 7,000 | 0 | 0% |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Информации и комуникација | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Вкупно за II | 27,000 | 27,000 | 0 | 0% |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Активност 2.1 | 520,000 | 520,000 | 0 | 0% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност 2.2 | 49,000 | 48,912 | 88 | 0% |
| Активност 3.1 | 49,000 | 48,500 | 500 | 1% |
| Активност 4.2 | 16,000 | 16,001 | -1 | 0% |
| Активност 4.3 | 12,000 | 10,340 | 1,660 | 14% |
| Вкупно за III | **646,000** | 643,753 | 2,247 | **0%** |
| **ВКУПНО I + II + III** | **810,000** | 807,753 | 2,247 | **0%** |

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.